РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 09-2029/3
12.09 20 23 ГОД.
РЕСЕН

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊА НА ДУП ЗА УЕ 3, ДЕЛ ОД БЛОК 3, РЕСЕН, ОПШТИНА РЕСЕН |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | "ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО" ДОО<br><br>Улица Гоце Делчев бр. 89 Гостивар |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Ресен |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Управител и одговорен планер<br>Валентина Попоска, диа<br>Овластување бр.0.0078 |
| Назив на работното место | Одговорен планер, планер |
| Контакт податоци за лицата | ул. Гоце Делчев бр. 16 Гостивар<br>pologproekt@gmail.com<br>тел. |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Оваа програма произлегува од прифатената иницијатива, односно од Одлуката за отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на ДУП за измена и дополнувања на ДУП УЕ3, дел од Блок 3, Ресен, под бр. 08-2317/5 од 15.11.2019 година. Со оваа планска програма треба да се овозможи стимулација на вкупниот развој како и привлекување на можни инвеститори за различни објекти усогласени со Програмата на потенцијалниот инвеститор на градбите, ко имаат јасна визија на идната концепција на планското решение за планскиот опфат, неговата функционалност, диспозиција и капацитет на планираните објекти на предметната локација, нивната економска оправданост, покриеност со соодветна техничка документација и отпочнување на реализација на планот. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Се вршат измени и дополнување на постојниот | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| ДУП ЗА УЕ 3, ДЕЛ ОД БЛОК 3, РЕСЕН, ОПШТИНА РЕСЕН<br>Со измената и дополнувањето на ДУП-от, Општина Ресен утврди дека ќе придонесе за реализација на инвестициски проекти од значење за истата. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да<br>Не √ | Член:/ | Точка:/ | Алинеја:/ |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| На ниво на план не е утврдено дали проектите влегуваат во Прилог I или Прилог II, односно Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина или се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не. | | | |

| |
|---|
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Главна цел на ДУП за измена и дополнувања на ДУП УЕ3, дел од Блок 3, Ресен е уредување и организирање на просторот преку:<br>• Одредување на плански опфат во дефинирана зона на опкружување по приоритет и етапа на истражување и реализација<br>• Одредување на градежни парцели<br>• Планирање на градежните парцели<br>• Утврдување на параметрите за големината на објектите, врз основа на нормите за планирање на објекти<br>• Утврдување на системот на инфраструктурно опслужување на планираните содржини и објекти<br>• Приклучок на планскиот опфат со електрична енергија и друга комунална инфраструктура<br><br>Изработката на ДУП-от има крајна цел преку:<br><br>• Рационално користење на просторот<br>• Максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот<br>• Оформување препознатлива амбиентална целина<br>• Почитување и заштита на правото на човекот на приватност<br>• Почитување и надградување на пејсажните вредности<br>• Оформување културен пејсаж<br>• Вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето<br>• Почитување и подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица<br>• Вградување на заштитни мерки<br>• Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето<br>• Предвидување мерки за заштита и спасување |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Предмет на планскиот документ е планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2020-2025 |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Планскиот опфат за ДУП за измена и дополнувања на ДУП УЕ 3, дел од Блок 3, Ресен, се наоѓа во границите на УЕ3, дел од Блок 3, Ресен. Границата на планскиот опфат е затворена полигонална линија и истата оди по осовините на постојните, односно планираните улици по ДУП и тоа:<br>На северо-западната страна, границата започнува од замислениот пресек на ул. „Наум Веслиевски“ со линијата од катастарската парцела помеѓу КП 4055 и КП 4053, продолжува кон исток по ул. „наум Веслиевски“ и оди се до замислениот пресек на ул. „Наум Веслиевски“ со линијата од катастарските парцели КП 4059 |

| |
|---|
| и КП 4093/2, свртува кон југ по границата на КП 4059, продолжува во истиот правец по границата на КП 4060/1 и оди се до вкрстосувањето со границата на КП 4085, свртува кон исток односно кон југ по границата со КП 4085 и оди се до пресекот со постојната регулација на Улица 1- Нова, свртува кон запад по постојната регулација од Улица 1- Нова, продолжува во истиот правец по границите на КП 4085, 4060/1, 4038, 4039 и 4056 и оди се до пресекот на катастарските парцели КП 4056 со 4045, свртува кон север по границата на КП 4056, продолжува во истиот правец по КП 4055 и оди се до замислениот пресек на границата на КП 4055 со ул. „Наум Веслиевски" каде што и започнува.<br>Површината на планскиот опфат изнесува 1.267 ха (12.673,15 м²). |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не √ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Несоодветното управување со генерираниот отпад како и испуштање на санитарни води без претходен третман може да се очекуваат влијанија врз животната средина (почвата и подземните води). | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по** | Со планската документација се предвидени мерки за |

<table>
<tr><td>животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>заштита на животот и здравјето на луѓето во случај на несреќи.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Просторот што го зафаќа планираниот опфат е со површина од 1,267 ха.<br>Намената на површините во планскиот опфат главно е домување во станбени куќи. Со ГУП на град Ресен, на предметниот плански опфат е предвидено домување.<br>Од извршената инвентаризација на планскиот опфат, констатирано е дека во границите на планскиот опфат воглавно се регистрирани градби со намена:<br>А домување и тоа домување во станбени куќи А1,<br>Е инфраструктура и тоа Е1 комунална инфраструктура сообраќајници и пешачки површини.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Истиот е условен и од мерките за заштита и спасување.<br>Целта на планскиот концепт е да се изврши хармонизација на просторните чинители во единствен препознатлив амбиент со дефинирани функции, односно наменски употреби на земјиштето-основна класа е А домување.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита. Во рамките на предметниот урбан опфат нема заштитени</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | добра, добра за кои се претпоставува дека претставуваат културно наследство, односно не постојат објекти кои поседуваат елементи според кои треба да бидат прогласени за споменички добра. Планскиот опфат не припаѓа во границите од контактната зона на заштитената споменичка целина (Член 175 од Законот за заштита на културното наследство). |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Намената на површините во планскиот опфат главно е домување во станбени куќи. Со ГУП на град Ресен, на предметниот плански опфат е предвидено домување.<br>Основната класа на намена за изработка на ДУП е домување (А1 домување во станбени куќи, како и А2 – домување во станбени куќи) и е во согласно член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема влијанија. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со изработка на ДУП за измена и дополнувања на ДУП УЕ 3, дел од Блок 3, Ресен, се создаваат предуслови за спроведување на локални проекти со тоа и развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.

Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

| |
|---|
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Предмет на планот е урбганизација во рамките на границата на планскиот опфат имајќи ја при тоа во предвид крајната цел – реализација на поставките на ГУП на градот, како и потребите на жителите на овој дел од градот. Урбанизацијата опфаќа планирање на нови и осовременување на постојните објекти, нивно усогласување во однос на габаритите и височината, дооформување на постоечката сообраќајна мрежа на улици како и порационално искористување и уредување на просторот, а во склад со законските прописи за урбанизација на просторот. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој во општина Ресен, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста, подобрување на квалитетот на жвеење и сл.<br>Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во други планирани објекти;<br>Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води;<br>Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;<br>Природно и културно наследство: на предметната локација нема недвижни споменици на културата;<br>Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;<br>Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;<br>Отпад: генерирање на отпад.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Допринос во локалната и национална економија. |

| |
|---|
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот, начинот на греењето на објектите, неправилно постапување со отпадните води од објектите може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>За предметниот опфат како показател користени се одредбите од Просторниот план на РСМ. Овој план е поврзан со:<br>• Просторен план на РСМ;<br>• ГУП на градот Ресен;<br>• Стратегија за управување со води во РСМ;<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РСМ;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РСМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РСМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина.<br>Целите на сите наведени плански документи ќе бидат усогласени со целите и содржините на планот и нема разлика во клучните одлуки. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на** |

| | |
|---|---|
| **објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник на Општина Ресен**<br>**Јован Тозиевски** |
| **Бр.09-** 2029/3<br>**Датум** 12.09.2023 година<br>**Место** Општина Ресен | М.П. |